**ЗАПИСНИК**
**од тринаесеттата (вонредна) седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 22.05.2018 година**

На тринаесеттата (вонредна) седница на Советот на општината присуствуваа 18 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков-Градоначалник на општина Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори тринаесеттата (вонредна) Седница на Совет на општина Гевгелија.

За работа на тринаесеттата (вонредна) седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2018 година.

**Претседателот на совет Ташко Дојчинов** го повика градоначалникот да ја објасни итноста на оваа точка.

**Сашо Поцков градоначалник на општината -**Се работи за починатиот наш сограѓанин Др.Ѓорги Петков ,апелот од семејството беше упатено и до мене до претседателот и до кординаторите на советничките групи и сите покажавме спремност да помогнеме на семејството со одобрување на финансиски средства кои ќе придонесат за побрзо пренесување на починатото тело од Непал до Република Македонија. Донаторската сметка ќе биде отворена денеска и општината ќе уплати 600 000 денари кои недостасуваат и со тоа ургентно веднаш ќе се започне постапката за пренесување на телото .Сите финансии кои овие денови ќе се уплатат на донаторската сметка ќе и бидат вратени на општината и ние оваа го правиме за да помогнеме на фамилијата што побрзо да се донесе телото во Македонија.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** ја стави на гласање оправданоста за свикување на оваа вонредна седница и **Советот со 18 гласа "за" ја усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 18 гласа "за" го усвои.**

**Точка 1.Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2018 година

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" ја усвои.**

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**